Бр. 09-2085/5
14.05.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петнаесеттата седница одржана на ден 09 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-2085/1 од 29.03.2019 година поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Предметот со број 09-2085/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира, а одлуката по истиот предмет од седмата седница одржана на 27.03.2019 година, да престане да важи во делот за поведување на прекршочна постапка бидејќи службеното лице Бедри Велиу ја отстранил состојбата на судирот на интереси пред донесувањето на новиот Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е предвиден прекршок за наведената состојба.

Образложение

Предметот со број 09-2085/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Бедри Велиу каде што е констатирано дека покрај функцијата Заменик претседател/член на управен одбор на ЈЗУ Општа болница Куманово истовремено ја извршувал и функцијата Претседател на Управен одбор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Бедри Велиу побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен до Државната комисија на дена 16.04.2019 година, известени сме дека наведеното лице се откажал од извршување на функцијата заменик претседател/член на управен одбор на ЈЗУ Општа болница Куманово.

На седницата одржана на ден 09 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси пред донесувањето на новиот Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е предвиден прекршок за наведената состојба за тоа и доставил решение за разрешување од 02.05.2018 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**